# "Буба мара" - златна акција за забава

"Дами, гласачи и акционери од сите фирми обединете се. Цените скокнаа, акциите паднаа, ама златната акција за забава е сé уште во радио 'Буба мара'". Ова е мотото на манифестацијата "Златна буба мара на популарноста" која ќе се одржи на 21 февруари во Универзалната сала. неизбежното доделување на наградите за најпопуларните на естрадата. Тие најавуваат дека годинава за организација на настанот се ангажирани дури 150 луѓе.

"Златна буба мара" се одржува по 11-ти пат. На досегашните изданија награди за најпопуларни примија дел од најголемите македонски и



балкански поп-пејачи.

Годинава тема на забавата ќе биде Македонците пред портата на НАТО. Организаторите повторно не сакаат да откријат ниту еден дел од сценариото, за кое велат дека е исполнето со емоции кои долго ќе се паметат и, секако, забава која се прераскажува со години. И на крајот балкански поп-пејачи. Билетите за настанот од денеска се во продажба, но од радио "Буба мара" велат дека, поради преголемиот интерес, картите треба да се бараат во Универзална и кај петте најдобри фирми во Македонија, не во Радиото.

*(М.Ц.)*



# Слаѓа Џогани низ Македонија

Слаѓана Делибашиќ, поранешната пејачка на белградската денс-група "Џогани", задутре тргнува на мини-турнеја низ Македонија.

В четврток таа ќе ги забавува штипјани во дискотеката "Кабаре". В петок настапите на Слаѓа продолжуваат во клубот "Инфинити" во Битола. сабота таа ќе пее во Прилеп, во дискотеката "Ди енд".

Слаѓана е позната по добрите журки низ дискотеките и по интересните кореографии кои ги има со нејзините танчари.

# Масимо Савиќ во Универзална сала

Хрватската поп-ѕвезда Масимо Савиќ на први март ќе одржи концерт во Универзалната сала во Скопје. Цената на билетите е 600 денари и ќе може да се купат уште од утре во музичките продавници "Чув де чув" и " Југотон".



Масимо Савиќ е ексклузивец на хрватската промоторска куќа "Аквариус рекордс". По објавувањето на албумот "Масимо" во 2003 година , поп-пејачот, по кусата пауза, повторно се врати на хрватската музичка сцена. Потоа следуваа албумите "Вештина" и "Вештина 2". Лани имаше најраспродадена турнеја во Хрватска. *(З.В.)*



# "Наркофон" во Скопје

Промоторската куќа "Трансформа" в сабота во 23 часот во клубот "РПМ" во скопската анселба Капиштец организира голема забава, на која специјални гости ќе бидат "Наркофон" од Франција. Цената на билетите е 250 денари. На журката со диџеј сет ќе настапи и диџеј Вања, еден од пионерите на македонската електронска сцена. Покрај него, ќе настапат и другите двајца членови на "Трансформа" Кикола и Форма.

"Наркофон" пред скопската публика ќе го претстави новиот материјал кој наскоро треба да се појави на музичкиот пазар. За визуелниот ефект на забавата ќе бидат задолжени "АФА" декорациите.

*(З.В.)*